Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2025 ЗА ПЕРИОД 01 ЈУЛИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година и годишните планови на активности кои произлегуваат од истиот.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Деветиот извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.07. – 31.12.2025 година.

Во 2025 година со решение на министер се формира Работна група за спроведување на анализа на имплементацијата на Планот за градење интегритет 2021-2024 и изработка на План за градење интегритет 2026-2029. Анализата е изработена и донесена на 17.09.2025 година, воедно објавена на ВЕБ страната на Министерството за одбрана. Рокот за изработка на нов План за градење интегритет 2026-2029 рокот е декември 2025 година. Планот е изработен и се очекува да биде донесен на почетокот на 2026 година.

За периодот 01.07-31.12.2025 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2025 година, беа целосно реализирани три активности во областа: Општа рамка. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Координатор за спроведување на активностите од Планот за интегритет на Министерството за одбрана и одговорно лице за соработка со Норвешкиот центар за интегритет во одбранбениот сектор (CIDS)

Никица Јовановска

## *Област на влијание I: Општа рамка за итегритет*

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност | Постигнати резултати | Влијание | Коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на „бирократската ефикасност“ преку развој на обука и опис на деловните процеси во рамките на Министерството за одбрана. | Спроведена е обука и анализа на постојните деловни процеси во рамките на Министерството за одбрана и произведени се препораки. | ДА | Подобрен систем и практики преку бирократска ефикасност имајќи ја предвид потребата од понатамошно промовирање и заштита на интегритетот, професионализ-мот и пристапот базиран на заслуги. | Систем за бирократска ефикасност во насока на добро управување | Активност 1.1. од Планот на активности за 2025 година.<br>Активноста се спроведе со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS со учество на 19 лица |
| Изработка на политика за учество во меѓународни мисии и операции, во која ќе се идентификуваат ризиците од корупција и ќе се обезбедат мерки за ублажување. | Изработена е политика за учество во меѓународни мисии и операции, во која се идентификуваат ризиците од корупција и се обезбедуваат мерки за ублажување. | ВО ТЕК, пренесена во Планот за интегритет 2026-2029 | Усвојување и воведување на нова политика за справување со потенцијалниот ризик од корупција за време на распоредувањето и зголемена отпорност на распоредениот персонал. | Зголемена компетентност во справувањето со обвинувања за корупција во меѓународни мисии и операции. | Активност 1.2. од Планот на активности за 2025 година.<br>Изработена е драфт верзија на Политката за справување со потенцијалниот ризик од корупција за време на распоредувањето и зголемена отпорност на распоредениот персонал.<br>Активноста се реализира од МО/ДУЧРОО, ДППКМЦВС, ГШ/Ј1, Ј3 +CIDS |
| Анализа на ефектите од спроведувањето на Етичкиот кодекс од 2017 година на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата. | Анализа на ефектите од Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата. | ДА | Подобрен систем и практики во спроведувањето на Етичкиот кодекс за понатамошно промовирање и заштита на интегритетот, професионализмот и пристапот базиран на заслуги. | Осигурување дека етичкиот кодекс служи за подобрување на доброто управување. | Активност 1.4. од Планот на активности за 2025 година.<br>Спроведена анализа на ефектите, изработен и усвоен нов Етички Кодекс во јуни 2025 |
| Евалуација на имплементацијата на резултатите и резултатите од Планот за интегритет 2021-2024. | Идентификувани и оценети резултати, исходи и влијание на Планот за интегритет 2021-2024. | ДА | Зголемено знаење и анализа за целокупната ситуација во однос на градењето интегритет во рамките на Министерството за одбрана. | Поголем интегритет, помалку корупција, зголемена компетентност. | Активност 1.6. од Планот на активности за 2025 година.<br>Со решение на МО формирана работна група за евлуација на Планот за интегритет 2021-2024 |
| Изработка на новиот План за интегритет 2026-2029. | Идентификувани се ризици од корупција, а врз основа на нив е изработен и усвоен нов План за интегритет за 2026-2029 година. | ДА | Зголемено знаење и анализа за целокупната ситуација во однос на градењето нтегритет во рамките на Министерството за одбрана. | Поголем интегритет, помалку корупција, зголемена компетентност. | Активност 1.7. од Планот на активности за 2025 година.<br>Со решение на МО формирана работна група за евлуација на Планот за интегритет 2021-2024 |

***Област на влијание II: Управување со човечките ресурси***

| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност** | **Постигнати резултати** | **Активност** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дизајнирана и спроведена обука на тема „Професионална автономија на менаџерите“. | Воведен и спроведен модул за обука за професионална автономија на менаџерите. | ДА | Зголемено знаење и подобрени вештини на менаџерскиот персонал. | Подобро квалификуван персонал. | Активност 2.2. од Планот на активности за 2025 година. Активноста се спроведе со експертска поддршка од Министерството за одбрана на Кралството Норвешка + CIDS со учество на 16 лица |
| Изработена и усвоена регулатива за спроведување на „Планирање на човечки ресурси“. | Развиена и воведена регулатива за планирање на човечки ресурси. | ДА | Зголемена свест кај менаџерите и персоналот за потребата од промовирање и заштита на интегритетот во областа на планирањето и спроведување на обуки. | Добро планирање на човечки ресурси. | Активност 2.3. од Планот на активности за 2025 година. Подготвена е Методологија за реализација на активноста. |
| Обука за вработените во Министерството за одбрана | | ДА | | Зголемен професионализам на вработените | Активност 2.4. од Планот на активности за 2025 година.<br><br>Активноста се спроведе со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.<br><br>1. Обука: Изработка на план за интегритет во одбранбениот сектор со учество на 18 лица,<br>2. Обука: Управување со средства и ризици во јавните и одбранбените набавки со учество на 18 лица. |

## *Област на влијание III: Јавни набавки*

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност | Постигнати резултати | Активност | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Развивање на упатства/правилници за набавки во текот на меѓународните мисии и операции. | Изработени и усвоени упатства/правилници за теренски набавки во меѓународните мисии и операции; Зголемена свест кај менаџерите и персоналот за потребата од промовирање и заштита на интегритетот и професионализмот во главните области на ризик од корупција во јавните набавки. | ВО ТЕК, пренесена во Планот за интегритет 2026-2029 | Практична примена на Упатствата/Правилникот за теренски набавки во меѓународните мисии и операции. | Зголемена компетентност во областа на градење интегритет. | Активност 3.1. од Планот на активности за 2025 година. Подготвено е драфт Упатство за теренски набавки во меѓународните мисии и операции. |
| Развивање и спроведување на семинар на тема „Вовед во донесување одлуки со повеќе критериуми во јавните и одбранбените набавки и техника на преговори“. | Дискутирани и воведени повеќе критериуми. | ДА | Подобрени капацитети на институцијата и на персоналот за евалуација на тендерите во јавните и одбранбените набавки. | Договорите се спроведуваат на транспарентен начин. | Активност 3.2. од Планот на активности за 2025 година.<br><br>Активноста се спроведе со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.<br><br>Обука: Воведување на критериуми во процесот на донесување на одлуки и техники на преговарање во јавните и одбранбените набавки со учество на 20 лица |